

## **Соочување со родовото насилство во Европа:**
## Унапредување на стратегиите за да се стави крај на лошото постапување со жените и девојчињата

Според Агенцијата за основните права на Европската заедница, Agency for Fundamental Rights (FRA), една од три жени искусила насилство почнувајќи од 15-годишна возраст. Насилството врз жените и девојчињата е поврзано со структурни нееднаквости меѓу родовите во многу аспекти од животот, па насилството ги претставува разликите во нивната најужасна експресија. Индексот за родова еднаквост на Европскиот институт за родова еднаквост, The European Institute for Gender Equality (EIGE), за 2017 година, покажува дека напредокот доаѓа бавно. Вкупниот збир на Европската заедница за родова еднаквост сега е 66.2 од 100 (токму четири единици повисоко од пред десет години), но нивото на нееднаквост значително се разликува меѓу земјите членки.

Родовото насилство е дел од кршењето на човековите права. Членот 3 од Истанбулската конвенција го дефинира како „***насилство кое е насочено кон жената бидејќи е жена или ја повредува жената непропорционално***“. Истанбулската конвенција го чини најсеопфатниот обврзувачки меѓународен инструмент кој се однесува на насилството кон жената и домашното насилство. Сите земји членки на Европската заедница се странки во неа, но не сите ја имаат ратификувано конвенцијата. Досега, институциите на Европската заедница, често одделно, се однесуваат кон родовото насилство главно преку политички и „меки“ правни инструменти, водечки принципи и програми за создавање на капацитети. 2017 година беше означена од Европската комисија како година на фокусирани активности за борба против насилството кон жените. Во текот на есента истата година, трагајќи по сексуалната злоупотреба и по скандалите на вознемирување на глобално ниво, Европскиот парламент усвои резолуција на силна осуда, повикувајќи на ***политика на нулта толеранција***.

И покрај тоа, сеуште недостасува сеопфатна и заедничка стратегија на Европската заедница на адреса на насилството врз жените и девојчињата. Фактот дека во јуни 2017 година Европската заедница ја потпиша Конвенцијата, како прв официјален чекор во процесот на нејзиното пристапување, може да значи обновување на политичкото внимание кон ова прашање.

Во светот кој сé повеќе се поврзува, насилството врз жените и девојчињата има свое влијание врз дигиталниот простор. Дополнително, податоци од Агенцијата за основните права покажуваат дека една од десет жени доживеала некаков облик на ***сајбер насилство***, со ефекти кои се исто толку катастрофални како и оние од off-line облиците на насилство. Сајбер насилството врз жените и девојчињата се јавува во голем број форми, но неговата правна дефиниција и заштита која следи сеуште не се јасно дефинирани и припаѓаат на делокругот на националните законодавства. Од друга страна, сеуште претстои нерешен предизвикот за елиминација на насилството предизвикано од опасната традиција како што се раните и присилни бракови, мутилација на женските гениталии, насилната стерилизација и насилниот абортус.

---

Јануари, 2018
Извор: Public Policy Exchange.co.uk
Подготвил: прим.д-р сци. Весна Спирова